166

# ОТСУСТВО НА ВИСТИНСКИ КРИТЕРИУМ

3.VIII.65 Н.М.

## »СКОПЈЕ 63 НИЗ ЛИКОВНИ ДЕЛА«

**Во три простории на Галеријата во Скопје е отворена изложба од околу сто дела на педесетина југословенски автори, чија тема е скопската трагедија од 1963 година.**

Треба да се признае, со топли симпатии ја очекувавме оваа изложба, уверени дека таа на достоен начин ќе ги оживее потресните мигови што го урнаа нашиот град, и со својата уметничка сила ќе успее да ги трогне нашите срца, и да го влее во нив новиот импулс на непокорниот човечки дух.

Но за жал, нашите очекувања останаа потполно изневерени. Делата што ги содржи оваа изложба ни одблизу не ја одразуваат тешката судбина на Скопје. Критериумот што може на било кој начин да ги прифати повеќето од овие творби, (или што може спокојно да ги одмине), неминовно треба потоа да се почувствува во извесна смисла навреден. Бидејќи денес со сигурност можеме да тврдиме, дека нашата ликовна култура го мина оној стадиум кога била принудена да прифаќа како уметничко дело **било-што**. И токму во последниве години изложбите (групни и самостојни) се отвораат без некоја нужна критичност и одговорност, самоволно, безгрижно и со минимални резултати. Ахиловата пета на овој сериозен проблем се состои во ниско паднатиот критериум на разни ликовни организатори, селекционери, жири-комисии итн.

И при организирањето на оваа изложба ќе беше доволно само еден построг критериум па да се изостават стотина творби, кои од никаков аспект не заслужуваат да стојат на едно угледно јавно место, како израз на оние чувства што ги поттикна големата трагедија. Се разбира никому не може да му се забрани да се занимава со сликање и вајање, но на мнogумина може и потребно е да им се оневозможи јавно да ги изложуваат своите работи, ако тие го немаат оној основен минимум што е нужен барем за едно просечно дело. Зашто, уметничкото дело не може и не би требало да се оценува според неговиот **повод,** туку само според неговиот **резултат.** Тоа е секому добро познато, а сепак најчесто се прават грешки од тежок формат, што предизвикуваат недоразбирање кај гледачите. Сериозните грешки кои се однесуваат првенствено за рушење на достоинството на современиот вкус, не можеа да бидат избегнати ни во оваа изложба.

Гледајќи толку потпросечни и крајно лоши слики, претставува тешкотија да се согледаат и оние дела што заслужуваат извесно внимание. Но и за нив не би можело да се рече дека непосредно одговараат на темата под која се претставува изложбата. Сепак тие во ликовен поглед се прилично издржани, а тоа е можеби доволен повод да бидат истакнати над онаа друга вистинска „урнатина од уметност“.

Сликата на Спасе Куновски, која можеби е најблиска до темата на изложбата, претставува спомен на одминатата но на некој начин сеуште присутна и длабоко почувствувана трагика. Двете платна на Ванчо Георгиев насликани се доследно и без заоѓање во компромисни решенија поради зависноста од темата, особено во „Ноќ по катастрофата“, во која ни открива еден нов аспект на своето сликарство. Сликите на Пецо Видимче се наоѓаат на неговото познато сликарско ниво.

Цане Јанкуловски во својот геометриски попарт „Балада на мртвите од 26 јули“ постигнува интересен однос помеѓу различните материи.

Платното на Александар Ристески „Трагедија и оптимизам“ и покрај тоа што не е насекаде доследно спроведено, го привлекува вниманието со страсното третирање на ликовниот предмет, создавајќи возбудлив впечаток (особено десното крило на двојната слика).

„По катастрофата“ на Хилмија Чатовиќ, инспирисана од сликарството на Мурило, зборува за нејзиниот несомнен талент.

Од скулптурите треба да се спомне металот на Томе Андреевски „Скопје и човек“, а од цртежите заслужуваат внимание двата експонати на Стефан Маневски.

**Паскал Гилевски**